ПЈИР

PIP

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA




# 2009-2011

# ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# PUBLIC INVESTMENT PROGRAMME OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

# ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ 2009 - 2011

# PUBLIC INVESTMENT PROGRAMME 2009 - 2011

***Скопје, ф е в р у а р и 2009***
***Skopje, f e b r u a r y 2009***

**В О В Е Д**

*Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011 е подготвена согласно на Програмата за работа на Владата на Република Македонија.*

*Почнувајќи од 1995 година, во Министерството за финансии е оформена база на податоци за инвестициони проекти од јавната инфраструктура на Република Македонија, врз основа на податоци што се доставуваат од надлежните министерства и кои постојано се иновираат.*

*При подготвувањето на Програмата се имаше предвид дека преземените активности за интензивирање на реформските процеси во земјата, а особено трансформационите процеси во јавниот сектор бараат да се пристапи кон примена на адекватна методологија во спроведувањето на планирањето на јавните инвестиции и следење на нивната реализација, за што Светската банка и Европската унија преку Програмата PHARE обезбедија соодветна техничка поддршка на Владата на Република Македонија.*

*При подготвувањето на Програмата се имаа предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти кои се содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2008 - 2012 година.*

*Со Програмата 2009-2011 придонесот на Владата во спроведувањето на стратегијата за јавни инвестиции ќе биде изразен, пред сѐ, преку организирање, поддржување, регулирање, промовирање и поттикнување на развојните активности во доменот на јавниот сектор.*

**INTRODUCTION**

*The Public Investment Programme of the Republic of Macedonia 2009-2011 was prepared in accordance with the Work Programme of the Government of the Republic of Macedonia.*

*Since 1995, a data base of investment projects in the public infrastructure of the Republic of Macedonia was set up in the Ministry of Finance and the concerned Ministries and that is continuously innovated.*

*During the preparation of the Programme, it was taken into consideration that the undertaken activities for intensifying the country's reform processes, and particularly the public sector transformation processes require approach towards application of adequate methodology in the public investments planning implementation and their execution monitoring, for which the World bank and the European Union through the PHARE Programme provided compliant technical support to the Government of the Republic of Macedonia.*

*When preparing the Programme, sectoral development policies and priority infrastructure projects have been taken into account, which are includet in the 2008 - 2012 Government Operational Programme.*

*With the Programme 2009-2011 the Government's contribution in the implementation of the public investment strategy will be represented mainly through organization, support, regulation, promotion and stimulation of the development activities in the public sector domain.*

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗЕМЈАТА

Република Македонија стана самостојна и суверена држава на 8 Септември 1991 година. Таа е земја без излез на море, сместена во самото средиште на Балканскиот Полуостров и има површина од 25.713 квадратни километри или околу 10.000 квадратни милји. Република Македонија се граничи со Република Бугарија, Република Грција Република Албанија, Република Косово и Република Србија. Земјата има население од 2,0 милиони жители.

Република Македонија стана членка на Организацијата на Обединетите нации на 8 април 1993 година, а потоа и на сите нејзини специјализирани организации и институции, како и на други меѓународни организации и финансиски институции. Во декември 2005 година Република Македонија стана кандидат за член во Европската унија.

## ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во Република Македонија, во насока за јакнење на процесот на воспоставување на демократско општество со парламентарна демократија и правна држава врз демократски основи, објективно се наметна потребата една од преференцијалите да биде доследност во политиката на отворено стопанство со извозно ориентирана економија со неприкосновеност на приватната сопственост, каде државната дерегулација, либерализираниот режим на надворешната трговија и на цените се основни атрибути во начинот на стопанисување и живеење.

Стратешки приоритети и цели на Владата на Република Македонија пред се, се: зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење; интеграција во НАТО и ЕУ; подобрување на деловната клима; зголемување на странските и домашните инвестиции; јакнење на јавното приватно партнерство и јакнење на административните капацитети за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ.

Одржувањето на макроекономската рамнотежа и стабилност на националната економија, темелена врз зголемена домашна понуда и остварување на одржлив економски растеж на трајни основи, пред се, преку поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странските инвестиции, како и на зголемено ниво на јавните инвестиции во функција на економскиот развој и зголемување на конкурентноста на земјата, останува во основните приоритети на Владата на Република Македонија.

## COUNTRY BACKGROUND

The Republic of Macedonia became independent and sovereign state on September 8th 1991. It is a landlocked country, settled in the heart of the Balkan Peninsula with a total area of 25.713 square kilometres or around 10.000 square miles. Republic of Macedonia borders with the Republic of Bulgaria, the Republic of Greece the Republic of Albania, the Republic of Kosovo and the Republic of Serbia. The country has 2,0 million inhabitants.

The Republic of Macedonia became a member of the United Nations Organisation on April 8th 1993 and of all of its specialised organisations and institutions, as well as a member of other international organisations and financial institutions. In December 2005, Republic of Macedonia became an European Union candidate country.

## ECONOMIC DEVELOPMENT

In the Republic of Macedonia, in order to strengthen the process of establishing a democratic society with parliamentary democracy and democracy based legal state, the imposed necessity is to endure in the policy of an export oriented economy, with inviolable private property, where the state deregulation, liberalisation of the international trade and prices are the primary attributes in the way of economy and living.

Strategic priorities and goals of the Government of the Republic of Macedonia are mainly the following: the economic growth increase and competitiveness on a constant basis, higher employment rate, increase of both the living standard and the quality of life, NATO and EU integration, business climate improvement; increase of foreign and domestic investments, strengthening the Public-Private Partnership and strengthening the administrative capacities with regard to the negotiations with the EU and utilization of the EU Pre-Accession Funds.

The maintenance of macroeconomic balance and stability of the national economy, based in increased domestic offer and realization of sustainable economic growth on constant bases, mainly by encouraging the domestic investments and attracting foreign investments, as well as the increased level of the public investments for the purpose of economic development and increase of the competitiveness of the country remain to be the main priorities of the Government of the Republic of Macedonia.

Макроекономската политика, а особено фискалната политика ќе бидат во функција на подинамичен економски развој и зголемен обем на продуктивни јавни инвестиции. За оваа цел, фискалната политика ќе биде и понатаму порелаксирана во доменот на капиталните инвестиции.

Владата на Република Македонија нагласен приоритет дава на создавањето услови и претпоставки за успешна имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија, Спогодбата со Светската трговска организација и Спогодбата за трговија со земјите членки на CEFTA. Овие спогодби, заедно со склучените договори, односно спогодби со другите земји во регионот и пошироко за слободна трговија, претставуваат солидна основа за зголемување на економската соработка со странство, квалитативно преструктуирање на економијата, а со тоа и вкупниот развој.

Република Македонија, како мала земја, со прокламирана трајна ориентација кон отворена пазарна економија, во приоритетите на развојот ги става и другите форми на економската соработка со соседните и другите земји, посебно земјите членки на Европската унија.

Во 2008 година макроекономската стабилност во земјата успешно се одржа. Девизниот курс на денарот е стабилен, а инфлацијата е во контролирани рамки.

Со оглед на тоа што Република Македонија и натаму ќе се соочува со недостиг на капитал за инвестиции, покрај зголемувањето на националното штедење, стратешка цел и приоритет на Владата е создавање услови за поголем прилив на странски инвестиции. Во врска со ова, Владата вложува максимални напори за подобрување на домашниот амбиент, во насока на зголемување на инвестиционата активност, посебно со создавање на поволни услови за привлекување странски директни инвестиции.

Покрај принципот на еднаков третман на домашните и странските инвеститори, правната сигурност на инвеститорите претставува втора клучна системска погодност на државата која „a priori“ го поттикнува инвестирањето. Правната сигурност на инвеститорите во земјава, ќе се обезбеди преку реформи во судската власт, афирмирањето на арбитражата, односно вонсудско решавање на споровите, поефикасно обезбедување на капиталот на доверителите преку соодветните средства за обезбедување на плаќањата и создавање на законски услови за користење на недвижности на странски лица, и др.

Macroeconomic policy, especially the fiscal policy, will be aimed at realising more dynamic economic development and increased productive public investments. To this end, fiscal policy would continue to be more relaxed in the area of capital investments.

The Government of the Republic of Macedonia emphasizes the priority of creating conditions and prerequisites for successful implementation of Stabilization and Association Agreement with the European Union, the Agreement with the World Trade Organization and the CEFTA Free Trade Agreement.. These agreements, together with the concluded contracts, i.e. free trade agreements with other countries in the region and in wider frames, are solid grounds for increasing the economic cooperation with abroad, quality restructuring of the economy and thus the total development.

The Republic of Macedonia, being a small country with proclaimed permanent orientation towards open market economy, in its development priorities, also includes the other forms of economic cooperation with the neighbouring and other countries, especially with EU member states.

In 2008, macroeconomic stability in the country was successfully maintained. Denar exchange rate was stable and the inflation was in controlled frames.

Considering the fact that the Republic of Macedonia will continue to face shortage of investment capital, the strategic goal and priority of the Government, beside the national saving increase, will be to create environment for bigger inflow of foreign investments. Linked to this, the Government of the Republic of Macedonia gives maximum effort to improve the domestic ambience in order to increase the investment activities, especially to create favourable conditions aiming to attract foreign direct investments.

In addition to the principle of equal treatment of the domestic and the foreign investors, the legal safety of the investors would be the second core commitment, which, a priori, will stimulate the investments. The legal safety of the investors will be secured through reforms in the judiciary power, affirmation of the arbitrage i.e. non-judiciary settlement of the disputes, more efficient protection of the creditors' capital through adequate payment instruments, creating legal conditions for the real estate usage by foreigners, protection of the intellectual property rights, and etc.

И покрај решеноста да се продолжи со економски реформи, ќе биде многу тешко за земјата да опстои во своите напори, без подинамичен пораст во доменот на реалните инвестиции и производството.

| | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008**[1)] | **2009**[1)] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реална стапка на БДП | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,9 | 6,0 | 5,5 |
| Трошоци на животот – просечен пораст (стапка на промени) | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,0 | 3,5 |
| Реална стапка на инвестиции | -8,5 | 17,7 | 1,1 | 10,9 | -5,4 | 8,4 | 12,6 | 39,1 | 11,1 |
| Учество на инвестиции во БДП (%) | 19,1 | 20,6 | 20,0 | 21,9 | 20,8 | 21,9 | 23,2 | 29,0 | 30,0 |

Почнувајќи од 2007 година е остварено зголемување на јавните инвестиции (во 2006 година учеството изнесуваше околу 3,8% од БДП), при што, во 2009 година се очекува да достигне учество од над 7% од БДП, што е во рамките на просекот на новите членки на Европската унија. Во овие рамки, според среднорочната фискална стратегија на Република Македонија и согласно среднорочните проекции за инвестициони вложувања, се предвидува учеството на капитални расходи во вкупните расходи на Буџетот на Република Македонија да бележи пораст од 11,8% во 2007 година на 17,4% во 2009 година. Вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за: намалување на невработеност и сиромаштијата, зголемување на конкурентноста на националната економија, повисок економски раст и порамномерен регионален развој во насока на интензивирање на процесот на евроинтеграција на Република Македонија.

Исто така, Владата, сметајќи го јавниот сектор како потенцијален генератор на развојот, се определи за продлабочување и динамизирање на структурните и законските реформи во овој сектор, во насока на комерцијализација и демонополизација, имајќи ги во вид потребите што развојно се наметнуваат со својата приоритетност.

Процесот на комерцијализација се спроведува во насока на подобрување на ефикасноста на јавниот сектор, односно подобрување на неговите перформанси. Спроведувањето на политиката на приватизација на јавниот сектор, ќе овозможи расчленување на монополската положба, односно одделување на елементите на монопол од активностите што можат да се изложат на конкуренција, како појдовна основа за насочување на неопходните структурни реформи и за интензивирање на вкупните реформски процеси во јавниот сектор. Притоа, врз основа на согледувањата за развојните можности на монополите во јавниот сектор на Република Македонија, на среден и долг рок, особено во поглед на големината и конкурентноста со странските претпријатија во овие области, реформите ќе се извршат во контекст на трендот на отворање на пазарите на европско ниво, согласно на определбите за европско интегрирање.

[1]) Оцена

Despite the determination to continue the economic reforms, it will be very difficult for the country to persist in its efforts without more dynamic growth in the area of real investments and production..

| | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008**[1)] | **2009**[1)] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Real rate of GDP | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,9 | 6,0 | 5,5 |
| Customer price index – average grofth (grofth rate) | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,0 | 3,5 |
| Real investment rate | -8,5 | 17,7 | 1,1 | 10,9 | -5,4 | 8,4 | 12,6 | 39,1 | 11,1 |
| Investment as share in GDP (%) | 19,1 | 20,6 | 20,0 | 21,9 | 20,8 | 21,9 | 23,2 | 29,0 | 30,0 |

Since 2007, a continious of the public investments has been enhanced (in 2006 it was 3,8% in relation to GDP), and in 2009 it's expected to come up over 7% of GDP which is close to new EU member states average. In relation with the middterm fiscal strategy of the Republic of Macedonia and in accordance with the middterm investment projections, the capital expenditures in the total expenditures of the Budget of the Republic of Macedonia are expected to increase by 11,8% in 2007 and 17,4% in 2009. Investments in infrastructure are vital for: unemployment and poverty reduction, enhancing the competitiveness of the national economy, higher growth and more evenly distributed regional development so as to identify the process of euro-integration of the Republic of Macedonia.

Also, the Government, considering the public sector as a potential development generator also is attached to deepen and accelerate the structural and legal reforms in this sector, aiming to commercialise and demonopolise the development needs imposed by their priority.

The commercialisation process would be oriented towards the progress of the public sector efficiency, i.e. its performances. The public sector privatization policy will make possible to set apart the status of monopolies, i.e. disunite the monopoly elements from the activities that can be exposed to competition, as a starting point to conduct the necessary public sector structural reforms and to intensify the reform processes. Based on the opinion for a long-term development possibilities of the monopolies in the public sector of the Republic of Macedonia, particularly in terms of size and competence with the foreign enterprises in these areas, the reforms will be carried out according to the opening of markets on European level, correspondingly with the determination for european integration.

Estimation

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО ПЕРИОД 2009-2011

Поддршката на динамизирањето на инвестициите се наметнува со својата приоритетност, поради потребата од надминување на состојбите на недоволна развиеност и незаокруженост на инфраструктурата, како и релативно техничко-технолошката застареност и ниска ефикасност на капацитетите.

Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок и подолгорочно се базира на динамична инвестициона активност која, се очекува, да резултира со оптимализација на користењето на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро довршување на започнатите економски оправдани проекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Тежината на проблемите со кои се соочува земјата и длабочината на зафатите кои треба да се реализираат, во услови на недостаток на сопствени средства и лимитирани можности за задолжување на земјата во странство, бараат поинтензивно ангажирање на странски капитал, пред сè, со директни инвестиции, заеднички вложувања, концесии, јавно приватно партнерство, донаторства, како и селективно задолжување во странство во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг. За оваа цел е основана Агенција за странски инвестиции.

Приодот кон активностите за подготовка на оваа Програма се базира на соодветна методологија за селекција на проекти и ефикасен мониторинг на реализацијата на Програмата, како и на постигнување на конзистентност на првата година на Програмата, со капиталните расходи од Буџетот на државата, за истата година.

При изготвувањето на Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011, при одредувањето на приоритетните потреби се имаа предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти содржани во Програмата за работа на Владата на Р. Македонија за периодот 2008-2012 година, расположивата проектна документација и реалните можности за обезбедување на средства за капитални инвестиции од: (1) Буџетот на државата; (2) фондовите; (3) сопствени средства на инвеститорите; (4) донации; (5) странски кредити, во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг. Почнувајќи од 2008 година во наредните години се очекува и постепено користење на средства од предпристапните фондови на Европската унија.

## PUBLIC SECTOR INVESTMENTS, 2009-2011

The investment dynamic support is imposed with its priority, as a result of the need to surpass the conditions of insufficient development and incomplete infrastructure, as well as the technical and technological relative obsolesce and the low capacity efficiency.

The public sector development policy of the Government of the Republic of Macedonia, in a medium and long-term period is based on dynamic investment activity. The expected results are optimisation of the existing capacities; reconstruction and modernisation of the public infrastructure in order to provide higher efficiency, as well as completion of the on-going economically justified projects, taking into account the lower cost options.

The difficulty of the problems that the country is faced with and the depth of the grasps that are to be undertaken, in term of modest financial capacity and limited possibilities for indebtedness of the country, imposes a demand of more intensive engagement of foreign capital, before all, of direct investments, joint ventures, concessions, public-private partnership, donations, as well as selective borrowing abroad in accordance with the medium-term Public Debt Management Strategy. To this end, Agency for Foreign Investments was established.

The activities of this Programme represent a transition process for introducing an adequate methodology on project selection; competence of the data contained within, efficient monitoring of the Programme implementation, as well as performing consistence of the Programme’s first year with the country’s Budget capital expenses for the same year.

While preparing the 2009-2011 Public Investment Programme of the Republic of Macedonia and when determining the priority needs the sectoral development policies were taken into account, as well as the priority infrastructure projects contained in the Operational Programme of the Government of Macedonia for the period 2008-2012, available project documentation and, as really possible were examined the following criteria: (1) providing capital investment funds from the country's Budget; (2) funds; (3) the investors to provide own funds; (4) grants; (5) foreign loans in accordance with the medium-term Public Debt Management Strategy. Starting from 2008 in the next years we expect to gradually use the EU pre-accession funds.

Во Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011, се вклучени, пред сѐ, капитални инвестициони проекти кои согласно со искажаните приоритетни потреби на одделните министерства се од значаен придонес за развојот на секторот и имаат соодветно изготвена инвестиционо-техничка документација. За инвестиционите проекти што се во тек на реализација, е извршено ревидирање на податоците, согласно со остварените досегашни активности и претпоставените можности за натамошна реализација.

Програмата за јавни инвестиции содржи 90 тековни инвестициони проекти. Вкупните трошоци за овие проекти се ценат на 2 492,04 милиони евра[2]. Дел од средствата, во износ од 533,29 милиони евра, се реализирани до крајот на 2008 година. Реализацијата на одреден обем на инвестициони активности, со вредност од 478,22 милиони евра, се планира по 2011 година. **Со тоа, во периодот 2009-2011 година се предвидува дека ќе се реализираат 1 480,52 милиони евра, односно само во 2009 година 530,78 милиони евра.**

Од вкупно предвидените средства со Програмата за периодот 2009-2011 година, за развој на стопанската инфраструктура ќе бидат насочени 791,71 милиони евра или 53,5%, а за развој на нестопанската инфраструктура 688,81 милиони евра, или 46,5% од вкупните средства.

The 2009-2011 Public Investment Programme of the Republic of Macedonia includes, first of all, capital investment projects, which in accordance with the expressed line ministry's priorities have major contribution to the sector development and have prepared accordant investment and technical documentation. For the on-going projects, a data revision was undertook in accordance with the accomplished activities and the supposed prospect for future realisation.

The Public Investment Programme consists of 90 ongoing investment projects. The total cost of these projects is estimated at 2 492,04 millions EURO. A part of the costs, amounting to 533,29 millions has been executed by the end of 2008. The fulfilment of certain investment activities, estimated at 478,22 millions EURO, will be shifted beyond 2011. **It is foreseen to effectuate 1 480,52 millions EURO for the period 2009-2011, that is 530,78 millions EURO in 2009 alone.**

Under the Programme for the 2009-2011 period, an amount of 791,71 millions EURO or 53,5% of the total foreseen amounts will be allocated for economy infrastructure development, while for the noneconomy infrastructure development, an amount of 688,81 millions EURO or 46,5% will be allocated.

[2] **Пресметките се направени според програмски курс на еврото на Народна банка на Р. Македонија за 2008 година (1 евро = 61,31 денари).**

**The calculations were made according to the programme Euro exchange rate of the National bank of the R of Mac. for 2008 (1Euro = 61,31 den)**

| ***Трошоци по сектори Costs by Sectors*** | | ***2009 – 2011*** | | | ***мил. евра mill. Euro*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Сектор | 2009 | 2010 | 2011 | Вкупно Total | Sector |
| **Вкупно** | **530,78** | **513,34** | **436,40** | **1 480,52** | **Total** |
| Енергетика | 99,48 | 21,72 | 11,09 | 132,29 | Energy |
| Сообраќај | 138,21 | 188,95 | 155,18 | 482,34 | Transport |
| Комуникации и медиуми | 1,00 | 0,00 | 0,00 | 1,00 | Communication and medi. |
| Водостопанство | 26,84 | 27,37 | 15,94 | 70,15 | Water Economy |
| Комунални услуги | 13,91 | 23,32 | 28,45 | 65,68 | Communal Services |
| Животна средина | 9,51 | 15,09 | 5,79 | 30,39 | Environment |
| Останато стопанство | 2,69 | 3,49 | 3,68 | 9,86 | Other Sectors of Economy |
| Образование и наука | 26,77 | 29,88 | 23,80 | 80,45 | Education and Science |
| Здравство | 13,98 | 16,87 | 15,11 | 45,96 | Health |
| Останато нестопанство | 198,39 | 186,65 | 177,36 | 562,40 | Non Economy Sectors |

**Трошоци по сектори 2009 - 2011 Costs by Sectors**




| ***Вкупни трошоци по извори на финансирање Total costs by resources of funding*** | | | | ***мил. евра mill. Euro*** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | Вкупно Total | |
| **Вкупно** | **530,78** | **513,34** | **436,40** | **1 480,52** | **Total** |
| Буџет | 235,65 | 249,97 | 239,47 | 725,09 | Budget |
| Фондови | 100,34 | 135,23 | 136,60 | 372,18 | Funds |
| Сопствени средства | 15,28 | 8,15 | 2,07 | 25,50 | Own participation |
| Неповратна помош од странство | 9,38 | 7,66 | 3,25 | 20,29 | Foreign Grant |
| Странски кредити | 170,13 | 112,34 | 54,99 | 337,46 | Foreign Credit |

**Вкупни трошоци по извори на финансирање**
**Total costs by sources of funding**




**Учество на одделни сектори во користење на странски кредити (%)**
**Allocation of foreign credits by sectors (%)**

| | ***мил. евра*** | ***mill. Euro*** | | ***Вкупно Total (%)*** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | | |
| **Вкупно** | **170,13** | **112,34** | **54,99** | **100,00** | **Total** |
| Енергетика | 84,52 | 17,55 | 9,04 | 32,93 | Energy |
| Сообраќај | 51,28 | 65,30 | 27,22 | 42,61 | Transport |
| Водостопанство | 21,94 | 11,54 | 4,50 | 11,25 | Water Economy |
| Комунални услуги | 2,00 | 6,00 | 9,00 | 5,04 | Communal Services |
| Образование и наука | 5,84 | 6,43 | 1,03 | 3,94 | Education and Science |
| Здравство | 3,73 | 4,72 | 4,20 | 3,75 | Health |
| Останато нестопанство | 0,82 | 0,80 | 0,00 | 0,48 | Non Economy Sectors |

Определба на Владата за ангажирање на странски инвестиции, во прв ред, преку концесии, донации, ЈПП, директни и заеднички вложувања, претставува императив. Покрај тоа, е неопходно натамошно зголемување на обемот на неповратните средства од странство, особено во секторот на водоснабдувањето, наводнувањето, животната средина, образованието и здравството.

Вкупно оценетите трошоци за секој проект, изворите на финансирање и оценетите годишни расходи, во секоја година од 2009 до 2011, изразени во милиони евра, како и проектните профили за секоја инвестиција што е во тек на реализација, како и за секој нов проект вклучен во Програмата, се табеларно прикажани во состав на Програмата.

Во продолжение на материјалот е направен осврт на состојбите, приоритетите во развојот по одделни сектори од јавната инфраструктура и се идентификувани проекти во секој сектор. Составен дел на Програмата се детални проектни профили на инвестиционите зафати.

Во Прилогот на Програмата е содржана Листа на приоритетни проекти, кои од страна на надлежните министерства се оценети како приоритетни, но за кои не е обезбедена финансиска конструкција за нивна реализација, а инвестиционо-техничката документација е со различен степен на подготвеност. Реализацијата на овие инвестиции се предвидува да се остварува, пред сè, преку концесии, јавно приватно партнерство, донации и директни и заеднички странски вложувања, како и селективно задолжување во странство во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

**ЕНЕРГЕТИКА**

Примарните бруто-енергетски потреби на Република Македонија се еквивалентни на 30.000 милиони KWh годишно, од кои 56% се испорачува во вид на електрична енергија, а 32% преку нафтените деривати. Средниот годишен пораст се движи околу 4%. Од обновливи извори потекнува 12%, додека околу 40% од енергијата е од увоз.

Прашања кон кои е ориентиран развојот на енергетската инфраструктура во Република Македонија се: несоодветна производна структура, како и неповолна диспозиција на производството и конзумот во електроенергетиката кое предизвикува високи загуби; недоволна изграденост на интерконективните врски со енергетските системи на соседните земји (електроенергетскиот систем има интерконекција со северниот и јужниот, а гасоводниот систем само со источниот сосед); недоволна изграденост и неискористеност на гасоводниот систем. Недоволната искористеност на обновливите извори на енергија, високата увозна зависност во снабдувањето со енергенти и ниската валоризација на енергијата низ производните и услужните процеси се предизвиците со кои се соочува стопанството на Републиката.

The Government's determination to engage foreign investments primarily through concessions, donations, PPP, direct and joint ventures is an imperative. Besides, further increase of foreign grants is necessary for development support in the water supply, irrigation, environment, education and health.

Programme's tables give the estimated total cost for each project, financing sources and estimated annual expenses, for each year from 2009 to 2011, expressed in millions EURO, the project profiles for each investment that is in process of actualisation, as well as for each new project included in the Programme.

The next section describes the conditions, development priorities by sectors from the public infrastructure and the relevant projects. The detailed Lists of projects are an integral part of this Programme.

The Programme annex comprises the List of priority projects, considered as a priorities by relevant Ministries, for which the financing has not yet been provided, while the investment and technical documentation is on different level of completion. The realisation of these investments could be conducted through concessions, public-private partnership, grants and foreign direct investments, joint ventures, as well as selective borrowing abroad in accordance with the medium-term Public Debt Management Strategy.

**ENERGY**

The primary energy needs of the Republic of Macedonia are equivalent to 30.000 millions KWh per year, from which 56% is delivered as electricity, and 32% as oil derivates. The average annual growth is around 4%. The energy from renewable resources comes with 12%, while around 40% of the energy is imported.

The main issues on which the development of the energy infrastructure in Republic of Macedonia is focused on: unfitting electricity production structure; as well as unfavourable disposition of the production and the consumption in the energy sector - that causes high loses; insufficient interconnections with the energy systems of the neighbouring countries (the electro-energy system has interconnection with the northern and the southern, while the gas system only with the eastern neighbour); insufficient level of the construction and usage of the gas pipeline network. The insufficient usage of the renewable energy resources, the high import indebtedness in the fuel supply and the low valorisation of the energy through the production and service processes are the challenges that the economy of the Republic is facing with.

При ваквите состојби, и во услови на изградба на енергетските системи во пазарни услови на стопанисување, кои сè повеќе се инкорпорираат во енергетските системи во регионот, во наредниот период инвестиционите активности ќе бидат насочени кон: ревитализација на постојните енергетски капацитети за производство, пренос и дистрибуција на одделни видови енергија; поинтензивно искористување на расположивиот хидроенергетски ресурс преку изградба на нови хидроелектрани во земјата (преку издавање на концесии и ЈПП); отворање на нови економски оправдани рударски капацитети и рационално користење на јагленот за производство на електрична енергија; изградба на когенеративни постројки за производство на електрична и топлинска енергија, кои како примарно гориво ќе користат природен гас и течни горива; вклучување на поголем број потрошувачи на гасоводниот систем во земјата; рационално проширување на гасоводниот систем во западниот и југоисточниот дел од земјата; изградба на интерконективни врски во електроенергетскиот, гасоводниот и нафтениот сектор со енергетските системи на соседните земји; поинтензивно искористување на обновливите видови енергија преку економски прифатливи проекти, како и поефикасно користење на произведената енергија. Владата целосно ќе ја поддржи изградбата на трансбалканскиот нафтовод АМВО.

Овие инвестициони зафати, преку конкретни проекти, ќе се реализираат првенствено по пат на концесии, ЈПП, директни и заеднички вложувања, донации и други некредитни форми на финансирање и селективно задолжување во странство во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

**СООБРАЌАЈ**

Сообраќајната мрежа се карактеризира со два транспортни коридора во насока Север-Југ (Коридор X) и Исток-Запад (Коридор VIII), кои меѓусебно се вкрстосуваат и претставуваат стратешки и економски приоритети на Република Македонија.

Транспортниот коридор Север-Југ има поголем степен на изграденост на транспортната инфраструктура во однос на транспортниот коридор Исток-Запад, но и двата транспортни коридора се сметаат за еднакво приоритетни во развојот.

Вкупната должина на патната инфраструктура долж Коридорот VIII, што поминува низ територијата на Република Македонија, изнесува 304 km, од кои 109 km (35,8%) се изградени на ниво на автопат.

Regarding this condition and the environment of energy system construction in market oriented economy, which is largely incorporated in the energy systems in the region and furthermore, and in function of its completion, the activities in the next period will be focused on: revitalisation of the existing energy capacities for production, transmission and distribution of separate energy types; more intensive utilisation of the hydro-energy resources through construction of new hydro electric power plants; (via issuance of concessions and PPP); opening of new economically justified mining capacities and rational usage of coal for production of electricity; construction of cogenerative facilities for electricity and thermal power production, which as a primary fuel will use natural gas and liquid oils; development of general gas consumption in the country; rational extension of the gas system to the western and to the south-east regions of the country; construction of interconnection lines of the electro-energy, gas and oil sector with the energy systems of the neighbouring countries; more intensive utilisation of the renewable types of energy through economically acceptable projects, as well as more efficient utilisation of the produced energy. The Government will fully support the construction of the trans-Balkan oil pipeline AMBO.

These investments, through concrete projects will be carried out via concessions, PPP, foreign direct investments, joint ventures, donations and other forms of non-credit types of funding, and selective borrowing abroad in accordance with the medium-term Public Debt Management Strategy.

**TRANSPORT**

The transport network of the Republic of Macedonia is characterised with two transport corridors, North-South (Corridor X) and East-West (Corridor VIII), which mutually intersect and are strategic and economic priorities of the Republic of Macedonia.

The North-South transport corridor has transport infrastructure that has been constructed in a larger degree than the infrastructure of the East-West transport corridor, but both corridors are regarded as being equally important in the development process.

Overall length of the road infrastructure along Corridor 8 passing through the Republic of Macedonia is 304 km, 109 km of which (35,8%) are highway.

Вкупната должина на Коридорот X изнесува 172 km, од кои 132 km се изградени на ниво на автопат. Последни изградени делници се: делницата Неготино – Демир Капија (16 km) и делницата Смоквица - Гевгелија (11,3 km).

Покрај довршувањето на веќе започнатите автопатни делници на двата транспортни коридора, во ова среднорочје се планира довршување на патниот коридор Север - Југ, како и започнување на изградба на нови патни делници од патниот коридор Исток - Запад.

Во натамошната изградба на патната мрежа во Република Македонија ќе се настојува да се привлекуваат средства, пред сè по пат на концесии, јавно приватно партнерство, донации, директни или заеднички вложувања, и селективно задолжување во странство со поволни кредити, согласно Среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

Железничката линија во насока Исток - Запад (Коридорот VIII) низ територијата на Р. Македонија е со должина од 339 km, од кои досега се изградени 152 km. Отсуствува железничка врска со Р. Бугарија и Р. Албанија.

Изградбата на железничката линија од Куманово до граница со Република Бугарија е поддржана само со средства од Буџетот на државата. Натамошната динамика на довршување на железничката линија од Куманово до граница со Република Бугарија, како и изградбата на железничката линија Кичево – Струга – граница со Република Албанија, ќе зависи од динамиката на обезбедување на поволна финансиска поддршка од домашни и странски извори.

Total length of Corridor X is 172 km, 132 km of which are constructed as highway. The last constructed sections are: Negotino - Demir Kapija (16 km) and Smokvica – Gevgelija (11.3 km).

Besides the completion of the existing highway sections of the both corridors, completion of the North-South road corridor is planned, as well as a new road sections of these transport corridors of the East-West road corridor are planned to be constructed in this medium term period of time.

In the further construction of the road network in Macedonia, we will try to attract resources, above all, through concessions, public-private partnerships, donations, direct or joint ventures and selective borrowing favourable credits abroad, in accordance with the medium term Public Debt Management Strategy.

Railway line East – West (Corridor 8) passing through Macedonia is 339 km long, of which 152 km have been constructed so far. There is no railway connection with Bulgaria and Albania.

The construction of the railway line from Kumanovo to the border with Bulgaria is supported only with budget resources. Further dynamics of completion of the railway line from Kumanovo to the border with Bulgaria, as well as the construction of the railway line Kicevo – Struga – border with Albania, will depend on the availability of favorable domestic and foreign financial support.

## ВОДОСТОПАНСТВО

Наводнувањето во земјоделството, има значајна улога во развојот на стопанството, а особено во услови на сè поголема побарувачка на храна, како резултат на порастот на популацијата, миграционите движења и поголемата урбанизација. Развојот на профитабилното земјоделско производство, заради неповолните временски услови во вегетациониот период, особено е зависно од наводнувањето.

Од имплементацијата на предвидените проекти во Програмата, се очекува поекономично и поефикасно користење на системите за наводнување и поголемо искористување на земјоделскиот потенцијал, обезбедување на поголемо количество вода за наводнување на постојните земјоделски површини и зафаќање на нови површини за наводнување и развој на руралните средини со обезбедување на вода за наводнување, водоснабдување и биолошки минимум, како и обезбедување на техничка вода за индустријата, превентивни мерки за одбрана од поплави и антиерозивни дејства.

## WATER ECONOMY

The irrigation, in the agriculture, plays a significant role in the economy development in terms of an increased food demand, as a result of the population growth, migration trends and increased urbanisation. Development of profitable agricultural production, due to unfavourable weather conditions in vegetation period depends especially on irrigation.

From the implementation of the planned projects in the Programme, it is expected more efficient usage of the irrigation systems and higher usage of the agricultural potential, providing higher quantity of water for irrigation of the existing agricultural areas and covering new areas for irrigation as well as development of the rural settlements with providing water for irrigation, water supply and maintenance the biological minimum, as well as provision of technical water for the industry, preventive measures for protection against floods and anti-erosive actions.

Инвестиционите активности во развојот на наводнувањето, преку некредитни форми на финансирање и селективно задолжување во странство со поволни кредити, ќе се насочат, пред сè, кон: реконструкција и модернизација на постојните системи за наводнување; довршување и доопремување на започнатите и изградба на неопходни нови системи за наводнување.

**КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

За обезбедување на вода за пиење и вода за индустриски, комерцијални и здравствени институции од приоритетно значење е развојот на водоснабдувањето. Состојбата со водоснабдувањето е незадоволителна. Притоа, се присутни проблеми со редовно обезбедување на доволно вода, често со лош квалитет, проследено со големи загуби во мрежите од над 50%, а поголем број на населени места не се вклучени во водоводната мрежа и користат бунари со сомнителен квалитет на вода. Исто така, постои недоволна покриеност со пречистителни станици за вода и третман на отпадни води.

Од имплементацијата на предвидените проекти во Програмата се очекува квантитативно и квалитативно водоснабдување на населението, кое во моментов поради недостиг на вода е во оскудица во водоснабдувањето, подигање на животниот стандард на живеење, подобрување на санитарната состојба на населението, спречување на миграцијата на населението, заштита на животната средина и намалување на заразни болести предизвикани од користење на неисправна бактериолошки загадена вода.

Инвестиционите активности во развојот на водоснабдувањето ќе се насочат, пред сè, кон реконструкција, доизградба и доведување во оптимална состојба на постојните системи за водоснабдување.

За решавање на проблемите со руинираноста на дел од постојната канализациона мрежа и отсуството од истата кај голем број населени места, во наредните години инвестиционите активности ќе бидат насочени кон реконструкција и доизградба на постојните канализациски мрежи како и кон изградба на нови мрежи и пречистителни станици.

Со “Мастер планот за интегрален развој и управување со водните ресурси во Република Македонија", изготвен од експертски тим на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) во 1999 година, се создадени можности за интегрален пристап за оптимално искористување на ограничените водни ресурси во земјата и се утврдени приоритетните потреби за вода во земјата.

Натамошниот квалитетен развој на водоснабдувањето, ќе се остварува, пред сè, преку странски вложувања, во вид на донации и други некредитни форми на финансирање и селективно задолжување во странство во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

The investment activities in irrigation development through non-credit types of financing and trough selective indebtedness with foreign soft loans will be focused, primarily, on: reconstruction and modernisation of the existing irrigation systems, completion and equipment of new necessary irrigation systems.

**COMMUNAL SERVICES**

Water supply development is a high priority task from the aspect of providing drinking water and water for the industrial, commercial and health institutions. The water supply in the Republic of Macedonia is generally not satisfactory. There are problems in supplying the sufficient amount of water, often of bad quality, followed by large network losses of over 50%, and number of populated places are not connected to the water supply network and still use wells, with water of dubious quality. Also, there is insufficient number of water and waste-water treatment stations.

From the implementation of the planned projects in the Programme, it is expected that the water supply of the population will be more qualitative, it will improve the living conditions of the population, improve the sanitary conditions of the population, prevention of the population migration, environmental protection and decreasing the diseases caused by using bacteriological polluted water.

The investment activities in the water supply development shall be conducted towards reconstruction, construction completion and optimisation of the existing water supply systems and construction of new water supply systems.

In future, the investment activities will be directed towards reconstruction and completing the construction of the existing sewerage networks as well as construction of new networks and treatment plants. This step is taken for the purpose of solving the devastated sewerage systems and the lack of the same in a large number of settlemens.

The Study and the Master Plan for Integral Development and Water Resources Management in the Republic of Macedonia, prepared in 1999 by the expert team of the Japanese International Cooperation Agency (JICA), produced possibilities for integral approach to optimal utilisation of the country's limited water resources and country's priority needs for water were established.

The future qualitative development of the water supply and irrigation sector, shall be conducted through foreign investments, either like donations or other non-credit types of financing and through selective indebtedness with foreign soft loans in accordance with the medium-term Public Debt Management Strategy.

**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Потребата за заштита на животната средина, заснована на принципите на одржлив развој, сѐ повеќе се зголемува, паралелно со растечките потреби на населението за поквалитетни услови за живеење, чиста вода за пиење и здрава храна. Активностите во заштитата на средината се преземаат врз основа на определбите утврдени во Вториот Национален еколошки акционен план (НЕАП) и со локалните еколошки акциони планови (ЛЕАП), определбите во Законот за животна средина, како и согласно со меѓународните конвенции и договори во оваа област.

За остварување на натамошен квалитетен развој, во Програмата е даден приоритет на реализација на проектите за заштита на водите од загадување и обезбедување на квалитетна вода за пиење со изградба на пречистителни системи и воспоставување на мониторинг, заштита и следење (мониторинг) на квалитетот на воздухот и супституција на постојните горива со преминување на чисти горива, на развој и имплементација на еколошко-технолошките проекти кај правните субјекти преку замена на технологијата и воведување адекватна технологија за намалување на загадувањето на средината, соодветно управување со отпадот и изградба на регионални и друг вид современи депонии, заштита на одредени реони од ерозија и деградирање на почвата, пошумување на голините, заштита и одржливо користење на биодиверзитетот со адекватно управување на природните реткости и ревитализација на екосистемите и институционално зајакнување и надградба на капацитетите за животна средина со цел подигање на еколошката свест во однос на животната средина.

